РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Одбор за акредитација и евалуација
на високото образование
Бр. 15-311/2
15.05.2014 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 71 став 2 алинеа 4 и член 104 став 2 од Законот за високото образование ("Службен весник на Република Македонија" број 35/08, 103/8, 26/9, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 41/14), Одборот за акредитација и евалуација на високото образование на Република Македонија, на својата 29. седница одржана на 29.04.2014 година, донесе

# РЕШЕНИЕ

## со кое се акредитира приватна високообразовна установа Факултет за правни науки како единица во состав на Меѓународниот Славјански универзитет од Свети Николе

1. Се акредитира приватна високобразовна установа Факултет за правни науки.

2. Основач на приватната Високообразовна установа Факултет за правни науки е Меѓународниот Славјански универзитет во Свети Николе.

3. Акредитацијата од член 1 на ова Решение се дава на Факултет за правни науки за студии од повеке области од правото и правните науки како и блиски други области од економски, политиколошките и други науки.

4. Студиските програми во составот на В.О.У ќе бидат во делот на стручните правни и академските правни студии од прв циклус, а по завршувањето на првата генерација на прв циклус ке опфата студии од втор циклус по административно, граѓанско, казнено, меѓународно и финансиско и деловно право за што акредитацијата ке биде побарана за три односно четири години кога ке стаса првата генерација правници и дипломирани правници.

5. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

## Образложение

Високообразовната установа Меѓународен Славјански универзитет во Свети Николе поднесе елаборат за акредитација на новата едница Факултет за правни науки на 03.02.2014 година до Одборот за акредитација и евалуација на високото образование.

Одборот за акредитација и евалуација на 27. седница одржана на 28.02.2014 година формира експертска комисија за оценка на доставениот проект и на 29 седница одржана на 29.04.2014 година, врз основа Законот за високо образование („Службен весник на Република Македонија" бр.35/2008, бр.103/2008, бр.26/2009, бр.83/2009, бр.99/2009, бр.115/2010, бр.17/2011, 51/11,

123/12, 15/13, 24/13, 41/14,), Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/2010), Класификација на научно-истражувачките подрачја, полиња и области според меѓународната фраскатиева класификација („Службен весник на Република Македонија" бр.103/2010), Правилникот за организацијата, работата, начинот на одлучување, методологијата, постапката за акредитација, критериумите и стандардите за акредитација, како и други прашање во врска со работата на Одборот за акредитација на високото образование и бр.168/2010, прилог бр.2), Правилникот за организацијата, работата, начинот на одлучување, методологијата за акредитација и евалуација, стандардите за акредитација и евалуација, како и други прашања во врска со работата на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр.151/2012), Правилникот за задолжителни компоненти кои треба да ги поседуваат студиските програми од прво, второт и третист циклус на студии („Службен весник на Република Македонија" бр.25/11) Одборот за акредитација и евалуација одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Заменик претседател
на Одборот за акредитација и евалуација
на високото образование

Проф. д-р Миколај Кузиновски